НОВА МАКЕДОНИЈА
Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

АКТУЕЛНО
Интервју со директорот на фондот на ПИОМ
Стр.13

Од средбата на претседателот на Владата Владо Бучковски со претставниците на СЗПМ

# Пензионерите се значајна компонента на државата

На барање на раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, претседателот на Владата Владо Бучковски на 28 јануари 2005 година прими делегација на СЗПМ предводена од претседателот на Собранието на Сојузот Душко Шурбановски придружуван од членовите на Извршниот одбор на Собранието на Сојузот: Андон Марковски-потпретседател на ИО и Чедомир Ѓорѓиевски - секретар на ИО.- На средбата присуствуваа и советниците на премиерот д-р Јован Пејковски и Љупчо Фармаковски.

*На средбата со премиерот беше договорено да биде почитувана потпишаната Спогодба меѓу Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување*



Како што се посочува во соопштението од Кабинетот на претседателот на Владата, средбата била иницирана со цел премиерот да биде изворно запознаен со положбата на македонските пензионери во општеството и со проблемите на кои наидуваат тие.

Беше истакнато дека Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е невладина, неполитичка и непрофитна организација и дејствува како заедница на 48 здруженија на старосни, семејни и инвалидски пензионери во кои членуваат над 210.000 корисници на пензија. Ова е најбројна и најстара пензионерска асоцијација на пензионерите, добро организирана и технички релативно добро опремена.

При тоа претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски нагласи дека оваа пензионерска организација претставува жив организам во кој катадневно се случуваат активности, екскурзии, посети на културно-историски споменици и природни знаменитости, а се организираат и културно-уметнички и спортски средби и дружења.

- Посебно беа потенцирани проблимите со кои се судрува сојузот во врска со функционирањето на фондовите за солидарност кои служат за погреб на корисниците на пензија. Претседателот Шурбановски го запозна премиерот дека во недостиг на решение од страна на државата, пензионерските здруженија уште во 1993 година се договорија од пензиите да им се задржува определен износ на средства од страна на Фондот при исплатата на пензиите и задржаните средства да им ги уплатува на сметките на здруженијата според бројот на нивните членови. Тогаш пензионерите одлучија од пензиите да им се задржува и определен износ за членарина на здруженијата. Фондот на пензиското осигурување ја прифати оваа иницијатива и до ден денешен ја врши оваа услуга и тоа без надоместок. Вршењето на оваа работа на Фондот не е уредена со Закон ниту со колективен договор. Управниот одбор на Фондот за да обезбеди правно покритие во 1999 година донесе Одлука со која ја задолжи стручната служба на Фондот да врши задршка од пензиите и исплата на средствата за солидарните фондови. Пензионерите не беа согласни со ваквото решение и иницираа пред Уставниот суд оценка на уставноста и законитоста на одлуката. Судот утврди дека УО немал право да ги уредува овие односи со одлука и ја укина изразувајќи мислење дека Фондот може да ја врши оваа услуга за пензионерите со меѓусебен договор како облигациони односи.

**Постапувајќи по правното мислење на Уставниот суд, СЗПМ му предложи на Фондот Спогодба за меѓусебните односи меѓу здруженијата и Сојузот. Спогодбата едногласно ја прифатија членовите на Управниот одбор. Со спогодбата Фондот прифати да врши и понатаму задршка при исплатата на пензиите од членовите на здруженијата на пензионерите во висина што ќе ја утврдуваат органите на Сојузот и го информира Фондот на кои здруженија и за колкав број членови ќе врши задршка и задржаните средства ќе им ги уплатува на сметките на здруженијата по конечната исплата на пензиите. Спогодата беше потпишана во името на Фондот од неговиот директор и претседателот на Сојузот во 2003 година.**

Беше укажано дека оваа обврска на Фондот на ПИОМ има хуман карактер, поради што беше побарано од премиерот да се заложи Фондот да продолжи со досегашаниот начин на сервисирањето на средствата за солидарен фонд и членарина на пензионерите, вклучувајќи ги и петте нови здруженија, согласно со Спогодбата.

На средбата со премиерот беше договорено да биде почитувана потпишаната Спогодба меѓу Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Од претседателот на Владата беше побарано да се забрза постапката за утврдување предлог-закон за ПИОМ со кој ќе се уредат прашањата за составот на УО на Фондот, создавање обврска за Фондот да врши задршка од пензиите за потребите на здруженијата на пензионерите и задржаните средства да им уплатува како досега - на сметките на здруженијата според бројот на нивните членови. Со иницијативата на СЗПМ се бараше и трошоците за исплата на пензиите преку поштенските доставувачи да паѓаат на товар на средствата на Фондот. Впрочем, вакво решение постоеше до пред неколку години.**

Претседателот на СЗПМ го изнесе барањето на здруженијата на пензионерите Владата да обезбеди средства за да продолжи со исплатата на разликата на пензиите по основа на 8% и од кога ќе престане оваа обврска, односно од мај месец годинава. Намалената пензија за 8% во 1993 година, во 1999 година е внесена во основицата на пензиите на оваа популација на корисници на пензии кои тоа право го стекнале пред 1993 година, а во 2000 година започна исплатата на долгот по оваа основа. Беше укажано дека голем број, или најголемиот број пензионери, не се информирани за тоа дека сегашната разлика по оваа основа треба да престане со исплатата на мајската пензија годинава. Пензионерите ќе сметаат дека државата им ја намалува пензијата, што ќе предизвика незадоволство и револт, пред сè поради тоа што најголемиот број од нив се со минимални пензии. Шурбановски потсети дека со промена на системот на усогласување на пензиите со укинатата одредба на Законот за исплата на плати и пензии оваа категорија на корисници на пензија се оштетени со најмалку 14% за 1994 и наредната година, а пензионерите со повисоки пензии и со 20%. Со продолжувањето на исплатата на сегашниот износ на разликите на пензиите на некој начин ќе се изврши компензација на штетата што им беше нанесена со тој систем на усогласување на пензиите.

Наедно, од премиерот беше побарано Министерството за здравство и Фондот за здравство да се ангажираат за подобрување на здравствената мрежа во оддалечените рурални места и подобрување на снабденоста со лекови, зашто пензионерската популација е незадоволна поради тоа што сега и постарите од 65 години партиципираат во трошоците на цената на лекувањето и на лековите. Скоро и да нема пензионер кој не боледува од некое хронично заболување, па, и покрај тоа што партиципираат во цената на лековите, нив ги нема редовно.

**Притоа премиерот Владо Бучковски вети дека преку Министерството за здравство ќе се заложи за подобрување на здравствената заштита на корисниците на пензија и за подобро снабдување со потребните лекови, особено во неразвиените подрачја.**

Пред започнување на разговорот, претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски на пригоден начин му предаде на премиерот ”Монографија“ од прославата на 50-годишнината од формирање на пензионерската организација, Билтен од одржаните Деветти републички пензионерски спортски натпревари и Билтен од Втора ревијална смотра на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти при здруженијата на пензионерите-членки на СЗПМ. На претседателот му беше предадена и книгата на Вите Исјановски “Пензионерите на Македонија денес“ и брошура “Како да се подобри здравствената заштита на пензионерите, со посебен осврт за снабденоста со лекови“.



На средбата претставниците на СЗПМ информираа и за текот на формирањето на пензионерска асоцијација на балканските земји и во рамките на тоа за организирање на балканска пензионерско-спортска олимпијада.

Д. Аргировски

---

Пензионерите кај претседателот на Собранието на РМ Јордановски

## Иницијатива за измени и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување



Претседателот на Собранието на Република Македонија Љупчо Јордановски деновиве ја прими делегацијата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија што ја предводеше Душко Шурбановски, претседател на оваа најстара и најбројна пензионерска асоцијација.

Откако беше информиран за активностите на организаијата, делегацијата го потсети претседателот Јордановски дека во средината на 2004 година доставиле Иницијатива за измени и дополнување на Законот за пензиско и инвалидко осигурување со молба да им биде поделена на пратениците на Собранието со надеж дека, некој од пратениците или некоја пратеничка група, ќе му предложи на Собранието да се измени и дополни Законот за ПИОМ со предлози на СЗПМ. Пензионерите забележаа дека досега немаат информација дали некој пратеник или пратеничка група поднела предлог во духот на барањето на пензионерите, освен што беа информирани дека Иницијативата им е поделена на пратениците, а е доставена и до Владата на РМ.

Пензионерската делегација побара од претседателот на Собранието Јордановски да се заложи, согласно со Деловникот на Собранието, да им биде овозможено на претставници на Сојузот да присуствуваат на седниците на работните тела на Собранието кога се разгледуваат предлог-закони и информации што се однесуваат на правата на корисниците на пензија. Притоа потсетија дека во претходните свикувања на Собранието им било овозможувано да учествуваат во работата на работните тела кога на дневен ред биле прашања од интерес на пензионерите.

Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија

# Потреба од поголемо почитување на законските одредби



Ѓорѓи АРСОВСКИ

## Потреба од поголема партиципација при медицинските третмани и при набавка на лекарства

Во Република Македонија има евидентирано околу 51.600 инвалидски пензионери, од кои околу 30.000 се членови на Сојузот на инвалидските пензионери. Веднаш треба да се додаде дека одреден број инвалидски пензионери се членови на здруженијата на трудовите инвалиди, што е спротивно на Законот, бидејќи трудовите инвалиди не се пензионери, а на овој начин ѓо користат пензискиот фонд. Според позитивните законски прописи, инвалидите на трудот се заштитени со Законот за работни односи и Законот за вработување на инвалидски лица, а единствено кога ќе се пензионираат можат да бидат корисници на Фондот за пензиско осигурување.



Членовите на нашиот Сојуз се лица кои стекнале право на инвалидска пензија со губење на работната способност, што значи дека без претходно да бил трудов инвалид, граѓанинот поради разни болести и несреќи, губејќи ја работната способност, станува инвалидски пензионер. Поради тоа е чудно зошто средствата од инвалидските пензионери Фондот на ПИОМ ги дава на здруженијата на трудови инвалиди, кои не учествуваат со свои средства, бидејќи немаат пензија. Значи, средствата за солидарниот фонд можат да ги користат само старосни и инвалидски пензионери, бидејќи тие имаат единствено законско право на тоа. Така, во случај на смрт на пензионерот, на семејствата им се исплатуваат по 25.000 денари за покривање на погребните трошоци. Меѓутоа, здруженијата на трудови инвалиди, иако се должни во рок од 24 часа по смртта на инвалидскиот пензионер да ја исплатат оваа сума, тие ја исплатуваат и со задоцнување од шест месеци, како што е случајот со Здружението на трудовите инвалиди во Чаир.

Поради сето тоа, сметаме дека сите инвалидски пензионери треба да се членови на нашиот Сојуз.

Првото здружение на инвалидски пензионери беше регистрирано во 1996 година во скопската Општина Чаир, потоа во Охрид, како и во други 18 општини и кај сите нив средствата за погребнини се исплаќаат редовно. Во 1997 година беше регистриран Сојузот на инвалидските пензионери на градот Скопје, како и Сојузот на инвалидските пензионери на Република Македонија.

Просечната месечна пензија на инвалидскиот пензионер изнесува само 100 евра, што не се доволни ни за гола егзистенција. Поради тоа, а во согласност со стандардите на европската заедница, нашиот Сојуз се залага за:

- Потреба од поголема партиципација при медицинските третмани и при набавка на лекарства.
- Потреба од законски повластен превоз во градскиот, меѓуградскиот, железничкиот и авиопревозот.
- Потреба од отстранување на архитектонските бариери со соодветна законска регулатива.
- Потреба од укинување на плаќањето поштарина при достава на пензиите преку пошта која сега изнесува 2 % од вкупните примања.
- Потреба од повластено регистрирање на возила на инвалидските пензионери, односно некакво ослободување од плаќање на таксите, намалување од сферата на осигурување на возилото и ослободување од двачките за патарини, или како заклучок инвалидскиот пензионер да биде ослободен барем 50% во однос на другите, и тоа за возила до 1.200 кубика.
- Потреба од изградба на пензионерски домови за живеење на инвалидските пензионери.
- Потреба во Законот за јавни патишта во членовите 108 и 109 да се внесе и името инвалидски пензионер со загубена работна способност. (Покрај лицата заболени од дистрофија, дијализа, мултиплекс склероза, церебална парализа, параплегија, детска парализа - полиомиелитис и ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување над 80%).
- Повластено присуство на сите културни претстави и манифестации.

Секако, нужна е и поголема соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, бидејќи многу прашања и проблеми ни се идентични и од заемен интерес.

**Ѓорѓи Арсовски,**
**секеретар на Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија**



Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

# Предлог за изградба на четири домови за стари лица

## Државата секако треба да птеземе соодветни мерки и активности за реализација на овој сериозен социјален проблем во нашата земја



Андон МАРКОВСКИ

Во Република Македонија постојат три центри за сместување на стари и изнемоштени лица, како и неколку приватни домови за старци. Центар за стари лица постои во Злокуќани кај Скопје што ги опфаќа старите лица од главиот град, како и од тетовскиот и гостиварскиот регион.

Домот за стари лица во Куманово е центар за кумановскиот, кривопаланечкиот и кратовски регион, а Центарот во Битола ги опфаќа старите лица од битолскиот, ресенскиот, прилепскиот, крушевскиот и демирхисарскиот регион.

Сето тоа е недоволно поради што Извршниот одбор на СЗПМ ги актуелизира заклучоците за поведената иницијатива до надлежните владини институции да поведат поголема грижа за старите лица во нашата земја. Се оценува дека од вкупното население во Република Македонија 20 отсто се стари лица, а неизвесноста е главен проблем за сите кои живеат осамен живот во градовите и селата. Впрочем, често се случува старите лица да се ограбуваат, да се вршат упади во нивните станови, убиства и киднапирања. Голем број стари лица живеат во неизвесност и безнадежност. Индикациите се очигледно, поради што сѐ понагласено се наметнува потребата за колективно живеење на осамените лица, со што ќе им се продолжи живеењето и ќе им се создаде нов животен дух.

Согледувајќи го ова и за да се покрие целата територија на Република Македонија со домови за стари лица, Извршниот одбор на СЗПМ уште во 2003 година поведе иницијатива и предлог за изградба на четири нови домови за овие лица.

**Според предлог-проектот, нов дом за стари лица треба да се отвори за регионот на Повардарието, од Велес до Гевгелија. За ова постојат две можности: адаптација на гимназијата во Неготино или на старата болница во Кавадарци, бидејќи и двата објекти подолго време се напуштени.**

**Во кочанско-брегалничкиот регион за изградба на дом за стари лица заинтересираност постои во Кочани, со градба предвидена со деталниот урбанистички план, како и во Пехчево во напуштениот хотел и во Злетово со адаптација на Домот на рударите.**

**Во охридско-преспанско-кичевско-дебарскиот регион се предлага адаптација на еден објект во Отешево или во еден објект на одбраната во Охрид.**

**Во штипско-струмичкиот регион се предлага изградба на нов објект или адаптација на касарната во Штип.**

Капацитетот на поединечните домови треба да биде од 100 до 150 лица, а за нивната изградба средства треба да се обезбедат од буџетот на државата, од локалната самоуправа и од домашни и странски донатори.

Треба да се има предвид и тоа дека според нашиот Устав, член 35, државата гарантира право на помош на немоќните и неспособните и посебна заштита на инвалидните лица, а треба да се почитува и Декларацијата на Обединетите нации за заштита на старите лица, бидејќи Република Македонија како потписник е обврзана да води поголема грижа за старите лица.

Предлогот за изградба на четири домови за стари лица СЗПМ го достави до надлежното Министерство за труд и социјална политика, со надеж дека иницијативата ќе наиде на целосно разбирање и дека ќе се преземат соодветни мерки и активности за реализација на овој сериозен социјален проблем во нашата земја. Државата секако ќе треба да поведе поголема грижа за старите лица.

**Андон Марковски,**
**потпретседател на СЗПМ**

## Автобуски билети за инвалидите

Советот на град Скопје донесе одлука на инвалидите да им обезбеди бенефициран статус во користењето на автобусите на ЈСП. Од градскиот буџет ќе се одвојат 22 милиони денари од Програмата за уредување на градежното земјиште за обезбедување бесплатни годишни автобуски билети за некои категории инвалидизирани лица или за бенефицирање и овозмжување поевтин градски превоз. За таа цел, градот ќе склучи догоговор со ЈСП со кој ќе бидат утврдени категориите на инвалидизирани лица кои ќе имаат право на овие билети.



Во Здружението на пензионерите "Гостивар"

## Организирано е снабдување на пензионерите со огревно дрво и во 2005 година

Извршниот одбор на Здружението на пензионерите "Гостивар" - Гостивар донесе Одлука за организирано снабдување на пензионерите со огревно дрво за зимската сезона 2005/2006 година.

Старосните и семејните пензионери можат да запишуваат огревно дрво во количини од 6,5 или 13 м3.

Огревното дрво (бука или даб) ќе се набавува преку Шумското стопанство "Лопушник" од Кичево по цена од 1.900,оо денари по 1 м3, со утовар - франко дома. Огревното дрво во запишаната количина се плаќа на седум рати.

Огревното дрво ќе се добива во месец јули и август, односно по исплатување на вкупната сума според запишаната метража.

Ваквиот начин на снабдување на пензионерите со огревно дрво се прави повеќе години и се покажа како добра форма за помош на пензионерите.

**А.О.**

## Отворен Центар за стари лица во Клечовце

Во зградата на некогашниот Задружен дом во кумановското село Клечовце деновиве беше отворен Дневен центар за стари лица на возраст од над 65 години.

Проектот е дел од програмата за развој на Општината и на локалната самоуправа на досегашната Општина Клечовце. Вредноста на проектот од 10 илјади долари ги обезбеди Светската банка, а реализацијата е на хуманитарната организација "Мајка" од Куманово и на Здружението на граѓани "Натира" од Липково.

АНКЕТА

Интервју со директорот на Фондот на ПИОМ г. Бошко Китановски

# Фондот ги извршува сите обврски кон пензионерите



*Фондот соработува со асоцијациите на корисниците на пензија, а особено со СЗПМ и заеднички се прават напори да се разрешат повеќе прашања*

**Февруари е месец во кој се сумира работењето за изминатата година, во која, како што е познато Фондот на ПИОМ оствари позитивни резултати. На што се должи тоа:**

Фондот на ПИОМ во текот на 2004 година оствари вкупни приходи во износ



од 29.027,70 милиони денари,а заедно со пренесените средства во износ од 439,13 вкупните приходи изнесуваа 29.466,83 милиони денари, додека вкупните расходи беа остварини во висина од 29.116,69 милиони денари, што преставува позитивен финансиски резултат, а при тоа мора да се напомене дека Фондот ги изврши сите обврски кон корисниците на пензија. Ова се должи на остварување на планираните средства од придонесите. Имено, во 2004 година од придонесот од плата се остварени средства во износ од 17.198,68 милиони денари или 98,8% во однос на планираните придонеси. Исто така значајно е да се истакне дека и од Буџетот на Републиката редовно се дозначуваа средства според пресметките на Фондот за законски утврдените поповолни права на одредени категории на корисници и другите обврски кон Фондот и истите учествуваа со 29,2% во однос на вкупните приходи на Фондот.

Покрај од овие два извори на финансирање кои во вкупните приходи учествуваат со 88,5%, Фондот ги оствари планираните средства и од другите извори на финансирање.

**Редовноста на исплатата на пензиите и натаму ќе зависи од ефектите на прибирањето на пензискиот придонес од осигурениците.**

Фондот му посветува значајно внимание на прибирањето на придонесите. Со измените и дополнувањето на Законот на ПИО кој е во примена од 1 јануари,односно во делот за наплатата на придонесите од 1 април се воведе доспеаност за плаќање на придонесот во месецот за претходниот месец, контрола во евиденцијата за пресметан и наплатен придонес и што е многу значајно постапка за присилна наплата на придонесот и пресметување на камата за задоцнети плаќања на придонесот. Со овие мерки Фондот доби значајна улога и зајакнување на самостојноста во делот на наплатата на придонесите. Во 2004 година се извршени 7.683 контроли кај правните субјекти, со цел целосна наплата на придионесите.

**Сепак, често се поставува прашањето колку слабата инвестициона активност во државата, како и предвременото пензионирање, може да ја загрози редовноста на исплатата на пензиите?**

Инвестициона активност во државата би преставувала основната карика која ќе доведе до агажираност на работна сила што директно влијае на финансиската состојба на Фондот, преку остварување на придонесите од плата.

Што се однесува до предвременото пензионирање, што би преставувало и дополнителен прилив на нови корисници на пензија, како мерка за решавање на проблемите со вишокот на работна сила, не би требал да се решава преку Фондот. Имено, едно од клучните прашање за финансиската стабилност на Фондот е зголемување на соодносот на вработени и корисници на пензија. За нормално функционирање на тековното финансирање соодносот вработени-корисници на пензија треба да изнесува 3 работника на 1 корисник на пензија, а сега тој соодност изнесува 1,3 вработени на 1 корисник на пензија.

Од 1994 година до сега во Фондот не се остварува право на предвремено пензионирање (освен реформите во јавната администрација за кои средствата се обезбедуваат од Буџетот на Републиката).

**Со мајските пензии ќе заврши обврската на Фондот за исплаќање на 8% на поголема група на пензионери. Што конкретно значи тоа?**

Корисниците на пензија кои на име разлика од 8%, примаа износ во просек околу 500 денари, завршува оваа година заклучно со исплатата на мајската пензија.

За износ од околу 90 милиони денари месечно ќе се намали обврската на Буџетот на Републиката кон Фондот на име разлика за исплата на 8%.

**Во тек се реформите за електронска пресметка на придонесите.**

**Како се одвива овој зафат и какви резултати се очекуваат?**

Новиот процес за начинот на наплата на придонес ќе овозможува рационална и економична постапка на собирање на податоци за пресметани придонеси од плата кај секој обврзник за секој осигуреник поодело. Податоците ќе се доставуваат на единствен образец т.н МППП (месечна пресметка за придонеси и плати) во електронска форма. Покрај Фондот овие податоци ќе можат да ги користат самите осигуреници и други органи и институции.

> **Какви се условите за стекнување на старосна пензија?**
>
> Осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж) односно 62 годинин живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.
>
> Во преодниот период, од 1 јануари 2005 година жена остварува право на старосна пензија со 61 година старост, а во 2006 година со 61,5 години старост.
>
> Осигурениците кои на 1 септември 2000 година имале пензиски стаж 35 години (маж) и 30 години (жена) истите можат да остварат право на пензија со исполнување на пензиски стаж од 40 години за маж, односно 35 години за жена без оглед на возраста. Ова право не се однесува за осигурениците кои на 1 септември 2000 година имале помалку пензиски стаж од 35 години за маж и 30 години за жена. Истите ќе мора да работат до исполнување на старосната граница без оглед на пензискиот стаж.



**Годинава треба да се воведе и вториот приватен пензиски столб?**

Како што е познато во тек се процедурите околу конечниот избор на двете друштва кои ќе управуваат со приватните пензиски фондови.

Се очекува кон втората половина од оваа година да отпочне распределбата на придонесите за членовите во приватните пензиски фондови.Фондот за ПИО во единствена постапка ќе ги собира и пренесува придонесите од плата како за јавниот пензиски фонд така и за приватните фондови.Со закон е регулирано дека од вкупно уплатениот придонес две третини остануваат во јавниот фонд додека една третина се уплатува во приватните пензиски фондови во зависност во кој фонд членува осигуреникот.

**Како се остварува соработката со СЗПМ и другите пензионерски асоцијации во Република Македонија?**

Фондот соработува со асоцијациите на корисниците на пензија, а особено со СЗПМ и заеднички се прават напори да се разрешат повеќе прашања од интерес на корисниците на пензија, а особено за начинот на прибирањето и исплатата на средства за солидарниот фонд на Здруженијата, која задача Фондот ја врши бесплатано за нивна сметка.

**Во „Нова Македонија“, започна да излегува прилогот за пензионерите „Пензионерски видици“ Какви се Вашите први впечатоци?**

Излегувањето на ваквиот прилог за пензионерите е за поздравување, бидејќи преку тие прилози пензионерите се запознаваат со повеќе прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување како и од други прашања кои се од нивни интерес.



**Разговорот го водеше**
**Драги Аргировски**
**уредник на прилогот**
**за пензионерите**
**„Пензионерски видици“**

## АНКЕТА

### Васил Калески, пензионер од Општина Мешеишта



- Радосна е веста што и најбројната популација во државата - пензионерите добија свое гласило "Пензионерски видици", како додаток на дневниот весник "Нова Македонија". Добро е што раководството на СЗПМ гласно и јасно ги истакнува проблемите на пензионерите и нивните елементарни потреби за подобри решнија за мирни пензионерски денови. Бидејќи е ова прво јавно гласило во историјата на пензионерите, мои искрени честитки на Редакцијата и на иницијаторот - познатиот уредник Аргировски. Во нашата држава има над 260.000 пензионери и тие заслужуваат да имаат свое гласило.

### Благица Кочоманова, пензионерка - Скопје



- Мои искрени честитки за "Пензионерски видици", што досега недостигаше во информативниот простор на нашата земја. Добро е што е тоа гласило на сите пензионери, бидејќи проблемите се слични или исти. Треба да се поттикнува соработката помеѓу СЗПМ, па дури и нивно спојување. Потребно е заедничко учество на пензионерски фолклорни ревии, на спортски натпревари, на екскурзии. Видиците на пензионерките и на пензионерите се насочени кон животот.

### Александар Димовски, ЗИП „Чаир“



- Според мене, "Пензионерски видици" треба да излегува почесто, или на поголем број страници, бидејќи пензионерите се многубројни, а за нивните проблеми се заинтересирани и семејствата, кои се читатели на весникот. Треба да се анимираат власта и јавноста за нашите проблеми и за нивно соодветно решавање. Благодариме што во прилогот се третираат и прашањата на инвалидските пензионери.

### Али Бурхенедин, бербер - Скопје



Во мојата берберница во населбата "Јане Сандански" најчести муштерии се пензионерите, кои на "Нова Македонија" ѝ честитаат за добриот редакциски потег со прилогот "Пензионерски видици".

Прилогот треба да придонесува за афирмација на пензионерскиот живот, но и за отворање на клубови на пензионерите. Со големо интересирање го очекуваме новиот број на прилогот.

По десетти пат пензионерките на Македонија ја покажаа својата хуманост

# „Блакцата на баба“ повод за дружење и солидарност

*Околу 600 пензионерки преку дружење и подготвување на старински блага во Велес дадоа средства за операција на прилепчанецот Миле Стојкоски*

Пензионерките на Македонија ги обединува една многу позната манифестација насловена како "Блакцата на баба" која се организира во Велес од страна на Активот на жени-пензионерки од градот.

"На почетокот, односно пред 10 години, ја основавме оваа манифестација со желба да се дружиме, во долгата зима да излеземе од своите домови, но и да продолжиме да ги презентираме старинските блага кои забележавме дека исчезнуваат од секојдневието на македонската трпеза. Затоа, всушност, ја организиравме ревијата на благцата што ги подготвувале со децении нашите мајки и баби" - со задоволство ни раскажува пензионерката Лилјана Андреева, претседателка на Активот на жените на Велес.



Исто така, забележителна личност во оваа женска организација е и Живка Иливска, која е препознатлива по својата голема комуникативност и ангажираност. Карактеристики кои преовладуваат подеднакво кај неуморните, духовити и хумани жени-пензионерки од Велес.

"Задоволство ни е што успеавме да ги ангажираме пензионерките од Македонија да учествуваат на оваа ревија на старински блага, бидејќи тука има можност секоја учесничка да си ги покаже своите квалитети и традицијата на своето семејство", вели Живка.

И оваа година на јубилејот беше свечено и достоинствено одбележан како и сите други девет години и кога на овој начин се дружат жените- пензионерки на кои жарот за убав живот не им згаснал. Тие знаат да заиграат, да запеат, да изрецитираат познати стихови или свои или пак да одглумат по некоја ролја, во зависност од тоа кој за што го дарувал господ. Но, најважно од сè, според денешните услови на живеење, е тоа што овие жени делат од својот денар за други кои имаат потреба од тоа.

Така, оваа година собраните средства од манифестацијата "Блакцата на баба" се доделија на прилепчанецот Миле Стојкоски, кој минатата година со количка отиде во Атина каде што се одржуваа Олимписките игри.



Секоја од овие средби на пензионерите е придружена и со присуство на градоначалникот на градот, кој како домаќин им посакува добредојде на сите учеснички. Наедно, за успешна соработка благодарници им беа доделени на нотарката Елена Мартинова и на лекарките Славица Трајкова, Вера Ристова, Снежана Бисинова - Ефремова, Владислава Христова, Нада Јовановска и Анета Кочовска.

Постојан спонзор на манифестацијата "Блакцата на баба" е скопската фирма "Раде Кончар" сервис за трансформатори, електромотори и агрегати, односно нејзиниот менаџер, господинот Ацо Антевски, кој потекнува од велешкиот крај.

"Пријатно е да се биде во таа атмосфера каде се поврзува традицијата со сегашноста, а и се продлабочува хуманоста на луѓето која е присутна кај сите добронамерници", истакна Антевски.

На овогодишните средби "Блакцата на баба" беше промовиран специјалниот прилог за пензионерите во весникот "Нова Македонија" под наслов "Пензионерски видици". Притоа уредникот на прилогот Драги Аргировски ја потенцираше потребата од соработка за афирмација на пензионерските активнотси и за актуелизирање на проблемите со кои се соочуваат тие.

Да посакаме оваа манифстација, која годинава постигна двоцифрена бројка, да остане како традиција на велешките жени пензионерки кои успеваат да ја победат монотоноста на старското живеење.

**Божана Ќулафкова -Чадиева**

**Прилогот „Пензионерски видици“ во „Нова Македонија“ излегува секој последен петок во месецот. Според тоа наредниот број ќе излезе на 25 Март. Дописи од пензионерските организации и читатели можат на испраќаат до Редакцијата на „Нова Македонија“ - „Пензионерски видици“.**

Пензионерски клуб "Цветан Димов" – Кисела Вода

## Успеси и надежи



Со целосно ангажирање на членовите на Одборот што беше избран на собранието на Здружението на пензионерите на Општина Кисела Вода во Скопје, се овозможи некогашната запуштена просторија на месната заедница "Цветан Димов" да се уреди и да стане мошне пријатно катче за пензионерите. Клубот свечено беше отворен на 9 октомври 2003 година и оттогаш редовно работи од понеделник до петок од 16 до 20 часот. Посетеноста на Клубот е значително голема и секојдневно, покрај читање на дневни весници, се игра шах, не лути се човеку, домино и карти. Се служи кафе и чај.

На состаноците најчесто се разговара како да им се помогне на сиромашни и болни пензионери, за проблематиката со набавка на лекови, а во областа на здравството се одржаа и три предавања за дијабетесот, остеопорозата и за васкуларните срцеви заболувања.

Минатата година на четворица најзагрозени пензионери им беа доделени пакети со прехранбени и хигиенски производи, а на почетокот на годинава им се доделени вредносни бонови.

Пензионерскиот клуб организираше и посети на Струга, на Плаошник во Охрид, на Радовиш и на Смоларските Водопади во Малешевијата.

Мошне интересна беше и средбата со поетесата Славка Арсова, а беше организирано и следење на театарската претстава "Жените во парламентот". Годинава Клубот планира уште поголеми активности.

**Рахилка Трајковска**

Средба на пензионери од Македонија во Кавадарци

# Одбележан празникот на лозарите



Во хотелот "Фени" во Кавадарци, на 12 февруари, околу 500 пензионери од петнаесетина градови од Републиката, заедно се дружеа со домаќините познати по своето срдечно гостопримство. Полната трпеза со доволно вино и ракија, многуте песни и забавни игри беа причина за доброто расположение на припадниците на третата доба кои се чинеше како да не го чувствуваат товарот на годините и секојдневните грижи. Празникот Свети Трифун на гостите им го честитаа претседателката на Активот на пензионерките Фруска Костадиновска, а од СЗПМ, претседателот Душко Шурбановски, кој притоа ги потсети пензионерите да не го заборават и Денот на вљубените кој се совпаѓа со лозарскиот празник.



Потоа песнопојките од пејачката група при ЗП-Кавадарци испеаја две народни песни од Тиквешко.

На квизот "Кој сака да биде милионер" се натпреваруваше Менча Радичевска од градот-домаќин, која годинава во мај полни осумдесет години, која лесно и брзо одговири на поставените прашања, за потоа како награда да го води тиквешкото оро "Чамче".



Заблагодарувајќи им се на присутните за честа што му ја направија и денот му го славеа, »Св. Трифун" на крајот од средбата на сите им порача:

Копај лозје со мотика, избегнувај политика,
јади грозје, голтај вино, за никого од Вас ќе нема зима.

**Ф. Костадиновска**

ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ
ги препознаваме добрите идеи

Потрошувачки кредити за пензионери

- без ограничување на износот на кредитот
- рок на отплата до 24 месеци
- старосна граница до 70 години
- брза и едноставна процедура

Македонија 9-11, 1000 Скопје
тел: 02 311 41 66, факс: 02 313 53 67
WWW.INVESTBANKA.COM.MK